Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

Архив. знак:
Рок на чување:
200__год.
Потпис,

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Градоначалник
СКОПЈЕ
Примено: 27.09.2019
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 13 | 3514/5 | | |

25 сепември, 2019

**Архивски број:** 02- 30-7709/4-2019

**Врска Ваш број:** 13-3514/3 од 20.09.2019 година

**До:** Општина Гази Баба
За градоначалник г-дин Борис Георгиевски

**Предмет:** Согласност

**Почитувани,**

Во врска со Вашето барање согласност за огласување Објава за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на електронско јавно наддавање за изградба на В4- државни институции, органи на локална самоуправа со компатибилни класи на намена: А2- домување во станбени згради Б1- мали комерцијални и деловни објекти, Б2- големи трговски единици, Б3- големи угостителски единици, Б4- деловни простории и В3- култура (вк. макс. збир 49 % ) со предвиден посебен дополнителен услов, заведено под Ваш број 13-3514/3 од 20.09.2019 година, Министерството за транспорт и врски Ве известува за следното:

По разгледување на барањето и приложените докази се констатира дека општина Гази Баба во предлог објавата има наведено 1 (еден) посебен дополнителен услов и тоа:


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев " бр. 6, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

*„минимален износ на вкупни приходи во висина од 8.000.000,00 евра во денарска противввредност, за претходната финансиска година (2018 година) на правното лице кое ќе се пријави за учество на јавното наддавање, односно на основачот на правното лице, доколку правното лице кое ќе се пријави за учество на јавното наддавање е правно лице регистрирано во Република Макиедонија, основано од страна на странско правно лице. За докажување на овој услов се доставува биланс на состојба и биланс на успех издаден од надлежен орган или ревидиран биланс на успех потврден од овластена ревизорска куќа“.*

Имено имајки во предвид дека согласно материјалните одредби од **<u>член 54</u>** став (1) алинеја 1 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“, број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16), се предвидува законска можност за примена на **посебен дополнителн услов кој гласи:**

**-Минимален износ на вкупни приходи во финансиска година на правното лице кое ќе се пријави за учество на јавното наддавање, односно на основачот на правното лице, доколку правното лице кое ќе се пријави за учество на јавното наддавање е правно лице регистрирано во Република Македонија, основано од страна на странско правно лице. За докажување на овој услов се доставува биланс на состојба и биланс на успех издаден од надлежен орган или евидиран биланс на успех потврден од овластена ревизорска куќа;**

Министерството за транспорт и врски смета дека предложениот посебен дополнителен услов во предлог објавата е предвиден согласно материјалните одредби од член 54 став (1) точка 1 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“, број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев “ бр. 6, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

190/16), и согласно материјалните одредби од член 53 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“, број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16) **издава согласност за негова примена.**

Со почит,

МИНИСТЕР

Горан Сугарески

Изработил: Стојанче Донев
Проверил/Одобрил: м-р Кујтим Зулбеари


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев “ бр. 6, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk